# О Д Л У К А
## За дополнување на одлуката за утрдување на цени за користење на спортските објекти и паркинг простори со кои стопанисува ЈП Билјанини извори - Охрид

### Член 1

Се дополнува Одлуката за утврдување на цени за користење на спортските објекти и паркинг простори со кои стопанисува ЈП Билјанини извори - Охрид бр.02-879/3 од 10.09.2013 година,така што:

- "**Член 15" се менува и** гласи :

Цената на услугата паркирање на јавни паркиралишта со 3 - те степени на ограничување (3 зони на паркирање ) на подрачјето на општина Охрид, со вкалкулиран ДДВ се пресметува на следниот начин:

**Прв степен на ограничување - Зона А**
Цена за физичко лице за секој час паркирање е 30,00 денари.
**Втор степен на ограничување - Зона Б**
Цена за физичко лице за секој час паркирање е 20,00 денари.
**Трет степен на ограничување - Зона В**
Цена за физичко лице за секој час паркирање е 10,00 денари.

**Зона Б и Зона В**

1. Месечна цена за лица што со своето место на живеење гравитираат на јавните паркинг простори и површини наменети за паркирање
   - во зона Б изнесува 500 ден. / годишно - 6 000 денари,
   - во зона В изнесува 300 ден. / годишно 3 600 ден.
2. Месечна цена за правни субјекти што со своето седиште гравитираат во јавните паркиралишта или површините наменети за паркирање во зоните Б и В изнесува 1 800 ден. / годишно 20 000 денари.
3. Месечна цена за лица вработени во правни субјекти што со своето седиште гравитираат на јавните паркиралишта или површини наменети за паркирање
   - во зона Б изнесува 800 денари / годишно 9 000 денари
   - во зона В изнесува 500 ден. / годишно 5 000 денари.

### Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на добивањето согласност од Советот на општина Охрид.

**Бр.02- _____**
**Од _____.2018 година**
**Охрид**

**Управен одбор**
**Претседател,**
_______________